Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности
Хидросистем Злетовица-Пробиштип

Бр. 02-410/20
19.07.2024 год.

Врз основа на член 19, член 19-а и член 23 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија",бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22 и 274/22) и член 25 од Статутот на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, а во врска со јавниот конкурс за избор на Директор на Јавното претпријатие, Управниот одбор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип на седницата одржана на 19.07.2024 година донесе

# ОДЛУКА

за избор на Директор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип

## Член 1

За Директор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип се избира Златко Стојановски, дипломиран правник – јавна администрација, со завршена ВСС.

Директорот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип стапува на функцијата сметано од 24.07.2024 година.

## Член 2

Директорот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип се избира со мандат од 4 (четири) години.

## Член 3

Претседателот на Управен одбор и Директорот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип ќе склучат договор за уредување на односите помеѓу ЈП ХС Злетовица – Пробиштип и Директорот.

## Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

Образложение

Согласно член 19 точка 10, член 19-а и член 23 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19, 89/22 и 274/22) и член 25 точка 9 од Статутот на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, Управниот одбор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип на седницата одржана на 28.06.2024 година, донесе одлука бр.02-334/17 од 28.06.2024 година за распишување на јавен конкурс за избор на Директор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип.

Јавниот конкурс се објави во дневните весници "Нова Македонија" и "Слободен печат" дневни весници на македонски јазик и "Коха" дневен весник на албански јазик на 02.07.2024 година.

Комисијата за преглед на пристигнатите документи по јавниот конкурс во состав Мише Милановски, Катерина Досева и Бранка Бошкова, согласно Законот за јавните претпријатија изврши преглед на пристигнатите документи, ја утврди нивната комплетност и валидност, и заедно со предлогот за избор на диркетор ги достави документите до Управен одбор.

Согласно горенаведеново, Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

Пробиштип
19.07.2024

Претседател на Управен одбор на ЈП ХС
Злетовица Пробиштип
Мише Милановски

Хидросистем Злетовица-Пробиштип